ADING

# БИТЕК-К

*Еднокомпонентен еластопластичен кит на битумен-каучкова основа, вградлив по ладна постапка*

## Област на примена:

Исполна на фуги (спојници) кај отворени водозафатни конструкции, бетонски канали за наводнување, иригациони системи, потпорни sидови, пропусти, пристанишни објекти и сл.

## Својства:

- Еднокомпонентна црна смеса;
- Водонепропустлив:
- Лесно вградлив со пиштол или шпакла;
- За фуги под наклон најмногу до 60° во однос на хоризонталата;
- За ширина на фуга најмногу до 40 мм;
- Одлична адхезија на подлога од бетон, малтер, камен, тула и метал;
- Постојан на обична и солена вода и други атмосферски влијанија;
- Отпорен на благи хемиски влијанија;
- Не е отпорен на нафта и нафтени деривати;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска маса: | 1,15 - 1,25 гр/см³ |
| Содржина на сува материја: | 90±2% |
| Температурна отпорност при експлоатација: | -20°C до 80°C |
| Температура при вградување: | 10°C до 40°C |
| Време на врзување: | 24,0-48,0 |
| Издолжување: | 10% |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде сува, чиста и обезмастена. Да биде отстранета евентуалната вегетација и калливите наслаги во фугите кај отворените водозафатни канали. Потребно е да се нанесе предпремаз Битек-П.

## Вградување:

По нанесувањето на предпремазот Битек-П и негово сушење, од 2 до 4 часа, со пиштол или шпахтла се нанесува китот Битек-К. Нанесувањето е во една или две работни постапки во зависност од длабочината на фугата. Доколку се нанесе во подебел слој, се отежнува сушењето на китот. Дебелината на слојот треба да е 1,0 до 1,5 см. За поголеми длабочини на фуги, пред нанесување на китот фугите се исполнуваат со песок или импрегниран сунѓер.
Завршно нанесениот материјал се порамнува со шпахтла или рака, натопени во сапуница.

## Потрошувачка:

Според волуменската маса која е 1,2 гр/см³.

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П веднаш по употребата.

## Пакување:

Во метални канти од 5 и 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

КИТОВИ

<u>Опасност по здравјето:</u>Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со ладна вода и да се обезбеди медицинска помош. При работа со производот да се користи заштитна опрема (чевли, облека, очила и ракавици). Доколку се работи во затворени простории, потребно е да се обезбеди добра вентилација.
<u>Пожар:</u>Да се обезбедат соодветни средства за гаснење на пожар.
<u>Чистење и депонирање:</u>Неврзани остатоци од Битек-К се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*